ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 23 ГОДИНА 31 ДАТА 10.06.2013 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

- *ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС*
- *ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ*



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 07.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "СЕНОКОС" с. Сенокос: Азизи Ј. Меритон, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 07.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЛАДОСТ" с. Удово: Минов З. Ангелчо од ФК "Победа" од Валандово, по чл. 35/2.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Попов Д. Тоше за ФК "Младост" од с. Удово, по член 35/1, бидејќи седницата на Комисијиата за регистрација на фудбалери при ОФС Валандово (09.06.2013г.) не е во согласност со Правилникот за регистрција, статус и трансвер на фудбалери на ФФМ и Одлуката на Управниот одбор на ФФМ број 02-727/1-7 од 27.05.2013 година. Регистрацијата на фудбалерот ќе биде објавена во наредниот број на "Макфудбал".

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 07.06.2013 година**

*** Понуда за склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб "Работнички АД" Скопје му понудува склучување на договор за професионално занимавање со фудбал на фудбалерот Денковски Ј. Христијан од Скопје.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз "Гази Баба" Скопје фудбалерот Ристовски Б. Иван од ФК "Работнички АД" од Скопје, поради преминување со регистрција на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 03.06.2013 година**

*** Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб "Шкендија АД" Тетово и фудбалерот Таипи И. Целјбрим го раскинаа професионалниот договор склучен на ден 02.07.2011 година и објавен во "Макфудбал" број 29, Спогодбено.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Таипи И. Целјбрим од ФК "Шкендија АД" од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 06.06 .2013 гоидна**

*** Регистрација на женска фудбалска екипа:**

Собранието на Фудбалскиот клуб "Победа" од с. Тромеѓе, донесе Одлука на ден 06.06.2013 година со која формира женска екипа во својот клуб која ќе се натпреварува во Женската фудбалска лига во организација на ФФМ.

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МИО СПОРТ" Куманово: Антовски М. Филип, по член 35/1.

ЖФК "ПОБЕДА' с. Тромеѓе: Николовска И. Елеонора, Момчиловиќ З. Бисера, Илиевска Д. Ангела, Арсовска Љ. Тамара, Николиќ С. Викторија, Стојчевска Л. Сара, Наковска Т. Елена, Златановска Б.Наталија, Манојловска В. Матеа, Наталија М. Јовановска, Богдановиќ Д. Анѓела, Николовска И. Моника, Величковиќ Д. Сашка, Величковска С. Михаела, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП**

**Седница од 07.06.2013 гоидина**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БРЕГАЛНИЦА АД" Штип: Ангелов В. Матеј, Ѓорѓиев Д. Матеј и Нацев М. Мартин, по член 35/1.

ФК "ТАРИНЦИ МАКМЕСО" с. Таринци: Велинов Д. Оливер од ФК "Таринци Макмесо" од с. Тарници, по член 35/2.

Јанев М. Александар, Неделковски Д. Христијан и Каров С. Роберт, чл. 35/1.

***ИЗВЕСТУВАЊЕ:***

*Редакцискиот одбор на "Макфудбал" ги известува фудбалерите, фудбалските клубови од голем, мал и женски фудбал и Општинските фудбалски сојузи дека летниот преоден рок 2013 година, согласно Одлуката на Управниот одбор на ФФМ број 02-1097/6 од 24.12.2011 година, почнува на 10.06.20213 година и завршува на 31.08.2013 година. За екипите кои играат баражи и квалификации, преодниот рок почнува по завршувањето на баражите, односно квалификациите.*

Врз основа на член 58 став 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Комитетот за итност на ФФМ од седница одржана на **13.05.2013** година со број:

- **02-656/1** од 13.05.2013 со која е утврдена цена на влезници за финалето на куп натпреварувањето на Македонија помеѓу екипите на ФК Шкендија и ФК Тетекс, како и на младинското финале помеѓу екипите на ФК Ренова и ФК Металург на 22.05.2013 година.
- **02-656/2** од 13.05.2013 подржана иницијативата за доделување на државна награда 8 ми Септември за животно дело за исклучителен придонес во развој на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Македонија.

2. Се потврдуваат одлуките донесени од Комитетот за итност на ФФМ од седница одржана на **14.05.2013** година со број:

- **02-678** од 14.05.2013 избор на најповолна понуда за набавка на опрема за Куќата на фудбалот

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „ Макфудбал“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година ги разгледа и ги потврди одлуките на Комитетот за итност неопходно донесени помеѓу две седници на Управен одбор.

Бр.02-727/1-2

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Управен одбор 5-та седница 2013 година

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се укинува одлуката донесена од страна на Управниот одбор на ФФМ 02-259 донесена на ден 20.04.2010 година, со која е воведена административна такса за изготвување на документација согаласно ФИФА-ТМС за фудбалери кои одат во странство.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година на предлог на Претседателот одлучи да ја укине одлуката со која е воведена административна такса за изготвување на документација согаласно ФИФА-ТМС за фудбалери кои одат во странство донесена од страна на Управниот одбор на ден 20.04.2010 година, заради избегнување на недоразбирања со телата на ФИФА.

Бр. 02-727/1-3

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се вршат измени и дополнувања на Правилникот за натпреварување на ФФМ.
2. По членот 58 се додава нов Член

**58а**

Во случај на грубо, вулгарно и непристојно скандирање на гледачите и подржувачите, како и истакнување пароли со неспортска и непристојна содржина, поради што натпреварот е прекинат по барање на делегатот на натпреварот, натпреварот ќе се одигра во рок од 24 часа без присуство на гледачи.

Трошоците за одигрување на новиот натпревар ги подмирува клубот чии подржувачи го предизвикале прекинот.

Во случај да не може да се утврди чии подржувачи биле гледачите, трошоците за одржување на новиот натпревар ќе ги сносат двете екипи подеднакво.

Екипата чии подржувачи се одговорни за прекинот одговара согласно одредбите на дисциплинскиот правилник на ФФМ.

3. Во член 60 по Став 2 кој гласи „за натпреварување со три круга“ се додава нов став 3 кој гласи:

**3. Спојување на клубови**

Спојување на клубови се врши на заедничко собрание на двата клуба најдоцна 45 дена пред почеток на првенството.

Спојување на клубови може да направат само клубови регистрирани како правни лица во ист регистар кај надлежниот државен орган кои територијално припаѓаат на ист Општински фудбалски сојуз или Град Скопје

Спојување значи и легален престанок на двата клуба како правни лица и создавање на нов клуб како правно лице кој го задржува местото на табелата на повисоко рангираниот клуб.

Не е дозволено спојување на клубови кои во тековната година го губат стекнатиот статус на клуб кој се натпреварува во Прва односно Втора или Трета лига на ФФМ.

**4.** Во член 72 се додава нов став 2 гој гласи

Под настапил не се подразбира резервен играч внесен во записник кој не учествувал во играта.

**5.** Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор, со тоа што точка 3 од оваа одлука ќе се применува од 27 Мај 2014 година.

**6.** Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ со цел да се уредат одредбите на Правилникот за натпревари поврзани со спојување на клубови, како и со цел спроведување на политиката нула толеранција за неспортско однесување на фудбалските терени одлучи како во диспозитивот.

Бр. 02-727/1-6

Претседател
Илчо Ѓоргиоски

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се врши измена и дополнување на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ во следните одредби:

**Член 35,**

Став 1 се менува и гласи:

Фудбалер регистриран за новиот клуб право на настап на првенствени, куп и пријателски натпревари стекнува со верификација на регистрацијата од страна на надлежно тело на ФФМ во Комет системот и тоа:

**Член 80,**

Во став 1 после зборовите „оригинална документација" се додава „најдоцна до последниот работен ден во тековната недела".

Се додава нов став 2 кој гласи:

Регистрација на фудбалер нема да биде верификувана се додека не се приложи доказ за извршена обврска по однос на тренинг компензација, надоместок за премин, односно друг вид на надоместок утврден со одлука на Управниот одбор на ФФМ.

**Член 81,**

Во став 1 по зборовите „отстапените фудбалери" се брише зборот „задолжително" и се додава "по верификација во комет„.

Ставовите 2, 4 и 5 се бришат.

**Член 88**

Во став 3 зборовите „Комисија за заштита на правилници" и „Комисија за заштита на законитост" се менуваат со зборовите „надлежна комисија за заштита на правилниците".

**Член 89**

став 2 зборовите „барањето го преиначи или го одбие “ се заменуваат со „или мериторно да одлучи по барањето“.

3. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор, а ќе се применува со отпочнување на летниот преоден рок 2013 година.

4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ во насока на имплементирање на КОМЕТ системот во Правнилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ како и негово усогласување со Статутот на ФФМ одлучи како во диспозитивот.

Бр. 02 727/1-7

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува календарот за натпревари за сезоната 2013/2014.

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 27.05.2013 година го усвои Календарот за натпревари за сезоната 2013/2014 година предложен од претседателот на натпреварувачката комисија.

Бр. 02-727/1-9

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-818
30.05.2013 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Фудбалската федерација на Македонија во состав:Арнаудовски Душко-претседател, Кире Јачев-член, Арбен Борова – член, постапувајќи по Барањето за потврдување на клубска казна поднесено од ФК Силекс АД од Кратово за фудбалерот Игор Павловиќ врз основа на член 31 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 30.05.2013 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се уважува Барањето на ФК Силекс АД од Кратово за потврдување на клубска казна на фудбалерот Павловиќ Игор.
2. Се потврдува клубската казна изречена од Дисциплинската комисија на ФК Силекс АД од Кратово бр. 01-94 од 16.05.2013 година во делот на паричната казна и истата гласи: Павловиќ Игор со ид бр. 103548 , фудбалер на ФК Силекс АД Кратово се казнува со парична казна од 3000 ЕУР(триилјади евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.
3. Одлуката е конечна, да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Фудбалскиот клуб Силекс АД од Кратово поднесе барање до Комисијата за жалби на ФФМ за потврдување на одлука на дисциплинската комисија на клубот бр.01-94 од 16.05.2013 година со која фудбалерот на ФК Силекс АД Павловиќ Игор е казнет со забрана на играње од 6 месеци на првенствени и куп натпревари и парична казна од 3000 еур во денарска противвредност поради незалагање на натпреварот од полуфиналето на куп натпреварот со ФК Тетекс АД одигран на 17.04.2013 година.

Комисијата за жалби на ФФМ по разгледување на целокупната документација ја утврди следната фактичка состојба.

По барање односно одлука бр. 01-75 од 20.04.2013 г.на Одборот на директори на ФК Силекс АД за суспензија и предавање на дисциплинска комисија , Дисциплинската комисија на ФК Силекс на ден 22.04.2013 година со одлука бр.01-78 повела дисциплинска постапка против Павловиќ Игор и побарала во рок од три дена од добивањето на одлуката да достави писмена изјава во врска со пријавата односно одлуката за суспензија(повратница R 154889494).Именуваниот фудбалер во дадениот рок не доставил изјава до комисијата ниту се јавувал на одделните тренинзи кај тренерот(известување од 09.05.2013 од Стручниот штаб до управата на клубот) .

На ден 16.05.2013 година Дисциплинската комисија на клубот се произнела со одлука број 01-94. Одлуката со која фудбалерот е казнет со парична казна и забрана на играње во траење од 6 месеци е испратена

до фудбалерот и до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 дена од донесување на одлуката.
Комисијата по утврдување на фактичката состојба констатира дека одлуката е донесена согласно член 31 од ДП на ФФМ . Покрај матерјалните докази приложени со барањето Комисијата ги повика на сослушување фудбалерот, кој за комисијата остана недостапен на пријавената адреса и претставникот на ФК Силекс АД кој остана на наводите во барањето. Во текот на излагањето претставникот на ФК Силекс АД се изјасни дека клубот поради претстојниот преоден рок и статусот на фудбалерот отстапува од барањето за потврдување во делот на временската казна и останува на барањето на потврдување на паричната казна.

По изведување на матерјалните и вербални докази Комисијата констатира дека нема пречки за потврдување на одлуката на дисциплинската комисија на ФК Силекс АД и донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби
Претседател,
Душко Арнаудовски

доставено до:
- ФК Силекс АД Кратово
- Павловиќ Игор
- макфудбал
- архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-819
30.05.2013 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Фудбалската федерација на Македонија во состав:Арнаудовски Душко-претседател, Кире Јачев-член, Арбен Борова – член, постапувајќи по Барањето за потврдување на клубска казна поднесено од ФК Силекс АД од Кратово за фудбалерот Бојан Стаменковиќ врз основа на член 31 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 30.05.2013 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се уважува Барањето на ФК Силекс АД од Кратово за потврдување на клубска казна на фудбалерот Бојан Стаменковиќ.
2. Се потврдува клубската казна изречена од Дисциплинската комисија на ФК Силекс АД од Кратово бр. 01-92 од 16.05.2013 година во делот на паричната казна и истата гласи: Стаменковиќ Бојан со ид бр. 111937 , фудбалер на ФК Силекс АД Кратово се казнува со парична казна од 3000 ЕУР(триилјади евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.
3. Одлуката е конечна, да се објави во Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фудбалскиот клуб Силекс АД од Кратово поднесе барање до Комисијата за жалби на ФФМ за потврдување на одлука на дисциплинската комисија на клубот бр.01-92 од 16.05.2013 година со која фудбалерот на ФК Силекс АД Бојан Стаменковиќ е казнет со забрана на играње од 5 месеци на првенствени и куп натпревари и парична казна од 3000 еур во денарска противвредност поради незалагање на натпреварот од полуфиналето на куп натпреварот со ФК Тетекс АД одигран на 17.04.2013 година.

Комисијата за жалби на ФФМ по разгледување на целокупната документација ја утврди следната фактичка состојба:

По барање односно одлука бр. 01-74 од 20.04.2013 г.на Одборот на директори на ФК Силекс АД за суспензија и предавање на дисциплинска комисија , Дисциплинската комисија на ФК Силекс на ден 22.04.2013 година со одлука бр.01-77 повела дисциплинска постапка против Бојан Стаменковиќ и побарала во рок од три дена од добивањето на одлуката да достави писмена изјава во врска со пријавата односно одлуката за суспензија(повратница R 154889503).Фудбалерот во постапката доставил изјава во која наведува дека за време на натпреварот максимално се залагал, не учествувал ниту е запознаен за евентуален нерегуларен тек на натпреварот. Во периодот од изрекување на суспензијата до донесување на одлуката на дисциплинскиот орган фудбалерот не се јавувал на одделните тренинзи предвидени со одлуката за суспензија (известување од 09.05.2013 од Стручниот штаб до управата на клубот) .

На ден 16.05.2013 година Дисциплинската комисија на клубот се произнела со одлука број 01-92. Одлуката со која фудбалерот е казнет со парична казна и забрана на играње во траење од 5 месеци е испратена до фудбалерот и до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 дена од донесување на одлуката.
Комисијата по утврдување на фактичката состојба констатира дека одлуката е донесена согласно член 31 од ДП на ФФМ . Покрај матерјалните докази приложени со барањето Комисијата ги повика на сослушување фудбалерот, кој за комисијата остана недостапен на пријавената адреса и претставникот на ФК Силекс АД кој остана на наводите во барањето. Во текот на излагањето претставникот на ФК Силекс АД се изјасни дека клубот поради претстојниот преоден рок и статусот на фудбалерот отстапува од барањето за потврдување во делот на временската казна и останува на барањето на потврдување на паричната казна.

По изведување на матерјалните и вербални докази Комисијата констатира дека нема пречки за потврдување на одлуката на дисциплинската комисија на ФК Силекс АД и донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби,
Претседател,
Душко Арнаудовски

доставено до:
- ФК Силекс АД Кратово
- Стаменковиќ Бојан
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број Сл.**
**Скопје, 06 јуни 2013 година**

Врз основа на член 24 став 1 точка 11 и 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со члeновите 26,36,94,98 и 99 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајки по пријавата од комисијата за натпревари за футсал во организација на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката а во согласност со член 36 а во врска со член 26 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 06 јуни 2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

1.ТРАЈКОВ ТРАЈЧЕ Рег.бр.1054 ФУДБАЛЕР НА КМФ"ВЕЛЕС" ОД ВЕЛЕС СЕ КАЗНУВА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ДВА (2) ПРВЕНСТВЕНИ ИЛИ КУП НАТПРЕВАРИ.
2.ДИСЦИПЛИНСКАТА МЕРКА Е СО ВАЖНОСТ ОД 26 МАЈ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката констатира:
-ТРАЈКОВ ТРАЈЧЕ рег.бр.1054 фудбалер на КМФ"ВЕЛЕС" од ВЕЛЕС на квалификациониот натпревар во футсал за пополнување на првата футсал лига ВЕЛЕС:ХЕДИС во организација на Фудбалската федерација на Македонија бил исклучен поради неспортски однос.
При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија донесов одлука како во диспозитивот.
ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба до комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија преку оваа комисија во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса од 6.000 (шест илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.Трајков Трајче
2.КМФ "Велес" Велес
3.Макфудбал и
4.Архивата на ФФМ

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА
НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКИЕДОНИЈА
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број Сл.**
**Скопје, 06 јуни 2013 година**

Врз основа на член 24 став 1 точка 11 и 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 26,36,94,98 и 99 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајки по пријавата од комисијата за натпревари за футсал во организација на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката а во согласност со член 36 а во врска со член 26 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 06 јуни 2013 година, донесе:

## О Д Л У К А

1.ЖИВИЌ МАРТО Рег.бр.1236 ФУДБАЛЕР НА КМФ"БИЏО" ОД КУМАНОВО СЕ КАЗНУВА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ДВА (2) ПРВЕНСТВЕНИ ИЛИ КУП НАТПРЕВАРИ.
2.ДИСЦИПЛИНСКАТА МЕРКА Е СО ВАЖНОСТ ОД 26 МАЈ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката констатира:
-ЖИВИЌ МАРТО рег.бр.1236 фудбалер на КМФ"БИЏО" од КУМАНОВО на финалниот куп натпревар во футсал ЖЕЛЕЗАРЕЦ:БИЏО во организација на Фудбалската федерација на Македонија бил исклучен поради неспортски однос.
При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија донесов одлука како во диспозитивот.
ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба до комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија преку оваа комисија во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса од 6.000 (шест илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.Живиќ Марто
2.КМФ "Биџо" Куманово
3.Макфудбал и
4.Архивата на ФФМ

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА
НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКИЕДОНИЈА
П р е т с е д а т е л
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број Сл.**
**Скопје, 06 јуни 2013 година**

Врз основа на член 24 став 1 точка 11 и 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 26,36,94,98 и 99 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајки по пријавата од комисијата за натпревари за футсал во организација на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката а во согласност со член 36 а во врска со член 26 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 06 јуни 2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

1.ДОДЕСКИ ДЕЈАН ПРЕТСТАВНИК НА КМФ"БИЏО" ОД КУМАНОВО СЕ КАЗНУВА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ЗАБРАНА ВРШЕЊЕ НА БИЛО КОЈА ФУНКЦИЈА ВО ФУДБАЛСКИОТ СПОРТ ВО ВРЕМЕ ОД ЕДЕН (1) МЕСЕЦ.
2.ДИСЦИПЛИНСКАТА МЕРКА Е СО ВАЖНОСТ ОД 26 МАЈ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката констатира:
-ДОДЕСКИ ДЕЈАН Преставник на КМФ"Биџо" од Куманово на финалниот куп натпревар во футсал ЖЕЛЕЗАРЕЦ:БИЏО во организација на Фудбалската федерација на Македонија бил отстранет поради неспортски однос.
При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија донесов одлука како во диспозитивот.
ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба до комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија преку оваа комисија во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса од 6.000 (шест илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.Додески Дејан
2.КМФ "Биџо" Куманово
3.Макфудбал и
4.Архивата на ФФМ

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА
НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКИЕДОНИЈА
П р е т с е д а т е л
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ФФМ

2

ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број Сл.**
**Скопје, 06 јуни 2013 година**

Врз основа на член 24 став 1 точка 11 и 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 26,36,94,98 и 99 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајки по пријавата од комисијата за натпревари за футсал во организација на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката а во согласност со член 36 а во врска со член 26 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 06 јуни 2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

1.ИСМАИЛИ ТАУРЛАНТ Рег.бр.1336 ФУДБАЛЕР НА КМФ"ЖЕЛЕЗАРЕЦ" ОД СКОПЈЕ СЕ КАЗНУВА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ДВА (2) ПРВЕНСТВЕНИ ИЛИ КУП НАТПРЕВАРИ.
2.ДИСЦИПЛИНСКАТА МЕРКА Е СО ВАЖНОСТ ОД 26 МАЈ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката констатира:
-ИСМАИЛИ ТАУЛРАНТ рег.бр.1336 фудбалер на КМФ"ЖЕЛЕЗАРЕЦ" од СКОПЈЕ на финалниот куп натпревар во футсал ЖЕЛЕЗАРЕЦ:БИЦО во организација на Фудбалската федерација на Македонија бил исклучен поради неспортски однос.
При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија донесов одлука како во диспозитивот.
ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба до комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија преку оваа комисија во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса од 6.000 (шест илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.Исмаили Таулрант
2.КМФ "Железарец" Скопје
3.Макфудбал и
4.Архивата на ФФМ

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА
НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКИЕДОНИЈА
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број Сл.**
**Скопје, 06 јуни 2013 година**

Врз основа на член 24 став 1 точка 11 и 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 26,36,94,98 и 99 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајки по пријавата од комисијата за натпревари за футсал во организација на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката а во согласност со член 36 а во врска со член 26 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 06 јуни 2013 година, донесе:

## О Д Л У К А

1.БОГОЕСКИ БОБАН Рег.бр.1227 ФУДБАЛЕР НА КМФ"ХЕДИС" ОД СКОПЈЕ СЕ КАЗНУВА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ДВА (2) ПРВЕНСТВЕНИ ИЛИ КУП НАТПРЕВАРИ.
2.ДИСЦИПЛИНСКАТА МЕРКА Е СО ВАЖНОСТ ОД 26 МАЈ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката констатира:
-БОГОЕСКИ БОБАН рег.бр.1227 фудбалер на КМФ"ХЕДИС" од СКОПЈЕ на квалификациониот натпревар во футсал за пополнување на првата футсал лига ВЕЛЕС:ХЕДИС во организација на Фудбалската федерација на Македонија бил исклучен поради неспортски однос.
При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија донесов одлука како во диспозитивот.
ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба до комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија преку оваа комисија во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса од 6.000 (шест илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.Богоески Бобан
2.КМФ "Хедис" Скопје
3.Макфудбал и
4.Архивата на ФФМ

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА
НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКИЕДОНИЈА
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ФФМ

3

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
**Број Сл.**
**Скопје, 06 јуни 2013 година**

**Врз основа на член 24 став 1 точка 11 и 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 26,36,94,98 и 99 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајќи по пријавата од комисијата за натпревари за футсал во организација на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката а во согласност со член 36 а во врска со член 26 од дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 06 јуни 2013 година, донесе:**

### О Д Л У К А

**1.ИВАНОСКИ КИРЕ Рег.бр.806 ФУДБАЛЕР НА КМФ"ХЕДИС" ОД СКОПЈЕ СЕ КАЗНУВА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ДВА (2) ПРВЕНСТВЕНИ ИЛИ КУП НАТПРЕВАРИ.**
**2.ДИСЦИПЛИНСКАТА МЕРКА Е СО ВАЖНОСТ ОД 26 МАЈ 2013 ГОДИНА.**
**3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА МАКФУДБАЛ.**

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајќи по пријавата од комисијата за футсал на Фудбалската федерација на Македонија како и материјалите доставени во постапката констатира:**
**-ИВАНОСКИ КИРЕ рег.бр.806 фудбалер на КМФ"ХЕДИС" од СКОПЈЕ на квалификациониот натпревар во футсал за пополнување на првата футсал лига ВЕЛЕС:ХЕДИС во организација на Фудбалската федерација на Македонија бил исклучен поради неспортски однос.**
**При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија донесов одлука како во диспозитивот.**
**ПОУКА:Незадоволната страна од оваа одлука има право на жалба до комисијата за молби и жалби на Фудбалската федерација на Македонија преку оваа комисија во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса од 6.000 (шест илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**1.Ивановски Кире**
**2.КМФ "Хедис" Скопје**
**3.Макфудбал и**
**4.Архивата на ФФМ**

**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
**НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКИЕДОНИЈА**
**П р е т с е д а т е л**
**Блерим Бесими с.р.**

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ - ШТИП
ТРЕТА ФУДБАЛСКА ЛИГА - ИСТОК
ул.Партизанска б.б. комплекс " Дујле " 2000 - Штип
п.фах 91
e-mail: tretaligaistokstip@yahoo.com
тел/факс: 032 383 819; 078 235 330/
транс. сметка: 210 052 253 450 285 Тутунска банка

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ
Бр. 0301-40/1
08. 06. 2013 год.
ШТИП

# ТРЕТА ФУДБАЛСКА ЛИГА – ИСТОК

## КОНЕЧНА ТАБЕЛА 2012/2013'

| Рб | Екипа | Коло | Победи | Нерешено | Порази | Дадени голови | Примени голови | Гол разлика | Бодов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тиверија | 33 | 29 | 3 | 1 | 116 | 15 | +101 | 90 |
| 2 | Василево | 33 | 26 | 4 | 3 | 85 | 24 | +61 | 82 |
| 3 | Осогово | 33 | 24 | 4 | 5 | 90 | 29 | +61 | 76 |
| 4 | Беласица | 33 | 23 | 3 | 7 | 102 | 23 | +79 | 72 |
| 5 | Плачковица | 33 | 17 | 9 | 7 | 83 | 43 | +40 | 60 |
| 6 | Чешиново | 33 | 16 | 3 | 14 | 67 | 48 | -19 | 51 |
| 7 | КаменицаСаса | 33 | 15 | 4 | 14 | 76 | 53 | +23 | 49 |
| 8 | Работ.-Цум. | 33 | 14 | 5 | 14 | 57 | 59 | -2 | 47 |
| 9 | АГРОС | 33 | 13 | 4 | 16 | 67 | 95 | -28 | 43 |
| 10 | Слога 1934 | 33 | 12 | 6 | 15 | 66 | 77 | -11 | 42 |
| 11 | Зрновка | 33 | 9 | 6 | 18 | 45 | 73 | -28 | 33 |
| 12 | Рудар (-9) | 33 | 13 | 2 | 18 | 53 | 80 | -27 | 32 |
| 13 | 1-ви Мај | 33 | 9 | 4 | 20 | 49 | 74 | -25 | 31 |
| 14 | Ткрања | 33 | 9 | 3 | 21 | 34 | 80 | -46 | 30 |
| 15 | Карбинци | 33 | 6 | 5 | 22 | 29 | 97 | -68 | 23 |
| 16 | Малеш 1919 | 33 | 5 | 6 | 22 | 30 | 91 | -61 | 21 |
| 17 | Астибо (-3) | 33 | 6 | 3 | 24 | 41 | 112 | -71 | 18 |
| 18 | Три Чешми | 17 | 4 | 4 | 9 | 19 | 36 | -17 | 16 |

04.06.2013 година
Штип

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-ШТИП 26

Комесар за натпревари
Пилешков Јованчо с.р.

4

ФФМ

# Трета Лига - Запад

ДО : ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"

## КОНЕЧНА ТАБЕЛА НА ТРЕТА ЛИГА - ЗАПАД
Натпреварувачка 2012 / 2013 година

| Место | Екипа | Натпр. | Победи | Нерешени | Порази | Постиг. голови | Примени голови | Гол разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ФК "ЗАЈАЗИ" | 28 | 23 | 3 | 2 | 72 | 17 | +55 | **72** |
| 2 | ФК "КАМЈАНИ" | 28 | 15 | 4 | 9 | 64 | 45 | +19 | **49** |
| 3 | ФК "БРАТСТВО" | 28 | 14 | 4 | 10 | 59 | 51 | +8 | **46** |
| 4 | ФК "ШАРРИ-Т-2012" | 28 | 12 | 8 | 8 | 49 | 38 | +11 | **44** |
| 5 | ФК "РЕЧИЦА" | 28 | 14 | 1 | 13 | 64 | 58 | +6 | **43** |
| 6 | ФК "ПЕРПАРИМИ" | 28 | 13 | 3 | 12 | 57 | 52 | +5 | **42** |
| 7 | ФК "ВАРДАР (Ф)" | 28 | 12 | 5 | 11 | 63 | 57 | +6 | **41** |
| 8 | ФК "ЉУБОТЕН" | 28 | 13 | 1 | 14 | 58 | 62 | -4 | **40** |
| 9 | ФК "ВЛАЗЕРИМИ" | 28 | 12 | 3 | 13 | 74 | 58 | +16 | **39** |
| 10 | ФК "ШЕМШОВА 1984" | 28 | 11 | 3 | 14 | 53 | 64 | -11 | **36** |
| 11 | ФК "АРСИМИ" | 28 | 11 | 3 | 14 | 59 | 72 | -13 | **36** |
| 12 | ФК "КАСТРИОТИ ФЦ" | 28 | 10 | 5 | 13 | 57 | 65 | -8 | **35** |
| 13 | ФК "ГРАДЕЦ" | 28 | 9 | 7 | 12 | 56 | 66 | -10 | **34** |
| 14 | ФК "ПИРОК" | 28 | 8 | 4 | 16 | 45 | 69 | -24 | **28** |
| 15 | ФК "ФЛАМУРТАРИ" | 28 | 3 | 6 | 19 | 33 | 88 | -55 | **15** |

Согласно член 62 од Правилникот за натпреварување на ФФМ а во врска со член 25 од Пропозициите на третите фудбалски лиги , I (првото) место во Третата лига - Запад во натпреварувачката 2012 / 2013 го освои ФК "ЗАЈАЗИ" од с. Зајаз - Кичево.

ФК "ЗАЈАЗИ" од с. Зајас се стекнува со право да игра бараж натпревар во организација на ФФМ за пополнување на Втората фудбалска лига.

Тетово
10.06.2013

МП

ТРЕТА ЛИГА - ЗАПАД
Комесар за натпревари
Џевдет Далипи

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ – КОЧАНИ**
ул.„Лазар Андонов"б.б. Градски стадион-Кочани, Пошт.фах 62,
E-mail: **ofskocani@yahoo.com** *E-mail:* **ofskocani@ffm.mk**

Бр.96

**До**

**Фудбалска федерација на Македонија**

**За: МАКФУДБАЛ**

**Општинска фудбалска лига – Кочани**

**Натпреварувачка 2012/2013 година**

Конечна табела:

| | | Нат | Поб. | Нер. | Пора | Пост.г | Прим.г | Раз. | Бодов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | БЕЛИ | 14 | 11 | 1 | 2 | 51 | 17 | 34 | 34 |
| 2 | СОКОЛ СОКОЛАРЦИ | 14 | 10 | 2 | 2 | 51 | 29 | 22 | 32 |
| 3 | БЕЛДОНА ТРКАЊЕ | 14 | 9 | 2 | 3 | 45 | 28 | 17 | 29 |
| 4 | МЛАДОСТ | 14 | 9 | 1 | 4 | 36 | 32 | 4 | 28 |
| 5 | ОСОГОВО 2012 | 14 | 6 | 0 | 8 | 29 | 36 | -7 | 18 |
| 6 | СЛОГА 2012 | 14 | 2 | 3 | 9 | 18 | 33 | -15 | 9 |
| 7 | БИРЛИК-КОЧАНИ | 14 | 1 | 3 | 10 | 13 | 46 | -33 | 6 |
| 8 | СПАНЧЕВО | 14 | 1 | 2 | 11 | 13 | 35 | -22 | 5 |
| | | **112** | **49** | **14** | **49** | **256** | **256** | | **161** |

Кочани, 04.06.2013 г.

**ОФС КОЧАНИ**

5

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

## ПРВЕНСТВО 2012/2013 ГОДИНА

### Т А Б Е Л А

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. МАРЕНА | 12 | 11 | 0 | 1 | 47:15 | 33 |
| 2. СОП. ПОЛЕ | 12 | 6 | 3 | 3 | 40:21 | 21 |
| 3. ГАБЕР | 12 | 5 | 3 | 4 | 26:27 | 18 |
| 4. ГЛИШИЌ | 12 | 5 | 2 | 5 | 22:27 | 17 |
| 5. ЦРНА РЕКА | 12 | 4 | 2 | 6 | 23:39 | 14 |
| 6. ЕДИНСТВО | 12 | 4 | 1 | 7 | 33:41 | 13 |
| 7. ЉУБАШ | 12 | 1 | 1 | 10 | 17:31 | 4 |

**Општински фудбалски сојуз**
**Кавадарци**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-КАВАДАРЦИ ФФМ

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ
Бр. 86
06.06.2013 год.
КРАТОВО

ДО
**Комисија за Верификации**
**при ФФМ**
**С к о п ј е**

По завршување на натпреварувањето во Општинската фудбалска лига од натпреварувачката 2012/2013 година Ви доставуваме табела за да ја објавите во МАК ФУДБАЛ:

**ТАБЕЛА**

| Р. бр. | Име на клубот | Број на натпревари | Победи | Нерешено | Изгубено | Бодови | Гол разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК СИЛКРАТ | 10 | 9 | 1 | 0 | 28 | 37:9(+28) |
| 2. | ФК РУЕН КРП | 10 | 4 | 4 | 2 | 16 | 26:22(+4) |
| 3. | ФК ПРЕМИЕР ПАЛАНКА | 10 | 5 | 1 | 4 | 16 | 33:19(+4) |
| 4. | ФК СИЛТЕКС | 10 | 2 | 3 | 5 | 9 | 20:29(-9) |
| 5. | ФК КРАТОВО | 10 | 2 | 3 | 5 | 9 | 15:24 (-9) |
| 6. | ФК ОСОГОВО | 10 | 0 | 4 | 6 | 4 | 6:23(-17) |

Со почит,

Кратово, 06.06.2013 година

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

Општински Фудбалски сојуз
Кратово

6

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
**FOOTBALL FEDERATION OF MACEDNIA**
**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРОБИШТИП**
**с/ка 290100009772311; ДБ:4022981101969-ТТК банка; тел:072230007**
**e-mail: ofsprobistip@ffm.mk ; Ул.Гоце делчев„бр.2 2210 Пробиштип**
секретар **на ОФС Пробиштип email: dobremarkov@yahoo.com.mk ;**

---

**До**
**Фудбалска федерација на Македонија**
**За „ МАКФУДБАЛ„ - Скопје**

**Број 28 / 2013**
**25.05.2013 година**

**ОПШТИНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА НА ПРОБИШТИП**
**Конечна Табела по одигрувањето на 10-то коло :**
**За сезоната 2012/ 2013 година**

| Рб | Екипа | Коло | Победи | Нерешено | Порази | Дадени голови | Примени голови | Гол разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Камењар | 10 | 7 | 1 | 2 | 30 | 31 | -1 | 22 |
| 2 | Сокол ( -3 ) | 10 | 6 | 2 | 2 | 28 | 22 | +6 | 17 |
| 3 | Злетовица ( - 3 ) | 10 | 6 | 1 | 3 | 35 | 27 | +8 | 16 |
| 4 | Стрмош | 10 | 3 | 1 | 6 | 22 | 25 | -3 | 10 |
| 5 | Ратавица | 10 | 2 | 2 | 6 | 22 | 25 | -3 | 8 |
| 6 | Цресово топче | 10 | 2 | 1 | 7 | 24 | 36 | -12 | 7 |

**Вкупно:** 30 26 8 26 161 166

Согласно член 62 од Правилникот за натпревари на ФФМ, **ПРВАК на ОФЛ Пробиштип за сезоната 2012/2013 е Фудбалскиот клуб„ КАМЕЊАР„ с.Калниште.**
ФК„Камењар„ се стакнува со право да партицира на пополнување на Трета МФЛ група Исток.

**25.05.2013 година**
**Пробиштип**

**ОФЛ на ОФС Пробиштип**
**Комисија за натпревари**
**Претседател**
**Сретен Милосовски с.р**

Општински фудбалски сојуз Липково

Првенство 2012-2013

## Табела

| | Одигр | Поб | Нер | Изгу | Голови | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликова | 6 | 6 | 0 | 0 | 19:9 | 18 |
| Опаја | 7 | 3 | 1 | 3 | 10:11 | 10 |
| Матечи | 7 | 2 | 1 | 4 | 10:15 | 7 |
| Влазними | 7 | 1 | 2 | 4 | 10:12 | 5 |
| Отља | 3 | 0 | 2 | 1 | 3:6 | 2 |
| Д.Импех | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-ЛИПКОВО ФФМ 14

Општински фудбалски сојуз

Липково

***СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"***
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*300000001599760 – Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

***РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"***